АКТУЕЛНО

# *Невладините асоцијации се во мода*

Јасна **ФРАНГОВСКА**

*Си го отвораат ли невладините културни асоцијации својот пат самостојно, со силата на ентузијазмот и упорноста, без постоење на каква и да е општествена поддршка во тоа? Постојат примери што укажуваат дека одговорот на ова прашање е позитивен. И фала му на севишниот што е така!*

*Најновите активности на невладината и непрофитна културна асоцијација ИКОН, која, деновиве, на софиската ликовна публика ѝ го претстави прославениот британски сликар Денис Боувен (патем, со слики исклучиво работени при неговите престои во Македонија) е типичен пример за*

*ефикасноста на ваквите невладини асоцијации.*

*Залудно е постојаното акцентирање на потребата за децентрализација при финансирањето на културните настани, кога власта досега не направила ни потег за охрабрување на ваквите срамежливи обиди за конкретно оживотворување на ваквите заложби. И додека државата да договори која институција каков статус и ингеренции ќе има и додека да се прецизираат условите и начините за таа фатална и толку спомнувана „културна децентрализација", ИКОН веќе ги направи првите чекори, најнапред во земјава, организирајќи во шестмесечен период две колонии „Заедно", а потоа и вон нејзините граници, претставувајќи ѝ го Боувен на Софија.*

*Предностите на ваквиот тип организација се бројни и најмногу се гледаат во можноста за поедноставено решавање на работите. Ослободени од баластот на големиот административен апарат, фондациите функционираат по упростени постапки. Очигледно ефикасно.*

*Верувам дека исто толку ефикасно ќе успеат да ги избегнат замките заради кои згаснаа неколку други претходно формирани невладини и непрофитни културни асоцијации.*

## СО МАКЕДОНСКО ПОСРЕДСТВО, ДЕНИС БОУВЕН ВО СОФИЈА

# Британецот одбра „македонски" дела

*Во организација на невладината фондација ИКОН и Културно - информативниот центар - Скопје, завчера во галеријата Средец" во Софија, е отворена изложбата „Келтски знаци" на англискиот ликовен уметник Денис Боувен. Сите дела се насликани во Македонија*

Боувен е стар пријател на Македонија, кој од 1965 г. редовно престојува во земјава, учествувајќи, во последно време, на многу од бројните македонски ликовни колонии. Како вљубеник во земјава, Боувен на изложбата во Софија презентира 20-ина свои понови дела, настанати, исклучиво при престојот во Македонија.

При отворањето на изложбата на Боувен, што доживеа огромен публицитет во Софија, говореа директорот на Националниот центар за музеи и галерии при бугарското Министерство за култура и Соња Руф Увалиева, претседателка на англиско - бугарската фондација за култура „Увалиеви" (посветена на Петар Увалиев, голем познавач на апстрактната уметност и долгогодишен пријател на култниот Британец Боувен). Изложбата ја отвориле познатата софиска ликовна критичарка Нина Мирчева и директорот на Културно - информативниот центар - Скопје, Љупчо Маленков.

На отворањето на изложбата, што ќе трае до 20 август, присуствувале највлијателните претставници на бугарската ликовна сцена, а медиумите ја одбележаа изложбата со големо внимание, насловувајќи ги написите за неа, на пример, со „Излага пријателот на Чарли Чаплин!".

Во организацијата на изложбата учествувал и Евробугарскиот културен центар, создаден со поткрепа на ФАРЕ и бугарското Министерство за култура.

Ова е прва ваква активност на невладината фондација ИКОН, надвор од земјава. ИКОН, зад себе, веќе ги има организацијата на колониите „Заедно" во Маврово (на која учествуваа уметници од Македонија од различно етничко потекло) и „Заедно 1" на Китка ( на која учествуваа шест германски и шест македонски уметници).



**Б**оувен е еден од најреномираните британски уметници и голем вљубеник во Македонија. Неговото творештво е вброено во енциклопедијата на англиската уметност, а прославената лондонска галерија Тејт има откупено неколку негови дела.

„Организирајте изложба на македонски уметници во Лондон и јас ќе настапам како македонски автор", вели Боувен, искажувајќи ја својата приврзаност за земјава.

Моментно, е учесник на ликовната колонија „Куманово 2000" во Матејче.

**И**зложбата на Боувен, со посредство на ИКОН и Културно - информативниот центар - Скопје, во текот на јули, 20-ина дена беше поставена и во Ќустендил.